# ГОДИШНА ПРОГРАМА НА СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ БИТОЛА
# за учебната 2020/2021 година

**УЧИМЕ ЗА ДА РАБОТИМЕ**
**ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 21 ВЕК**



**Август 2020**

## 1. ВОВЕД

Подобрување на квалитетот на образованието и воспитно-образовниот процес се едни од најважните приоритети на Средното општинско училиште “Таки Даскало“ – Битола. Наша определба е да креираме услови и потенцијал кој ќе овозможи стекнување знаења, поттикнување на креативноста, иновативноста, градење на хуманистички вредности, севкупен развој на личноста на нашите ученици и, подготвеност за работа и подобрување на квалитетот на живеење.

Наши приоритетни задачи се перманентно професионално усовршување на наставниот кадар, обезбедување на современи услови за одвивање на наставата, примена на современа ИКТ-технологија, имплементирање на современи наставни планови и програми, отворање на нови образовни профили според потребите на пазарот на трудот, интеграција на теоријата и праксата, вклученост во меѓународни проекти и градење на современ воспитно-образовен систем, кој на учениците ќе им овозможи модерно образование според европски стандарди, услови за личен развој, стекнување компетенции според барањата на пазарот на трудот, а на наставниците ќе им овозможи услови за професионално и кариерно усовршување и напредување.

## 2. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

| | |
|---|---|
| **адреса:** | ул.„Димитар Илиевски - Мурато“ бр.37, Битола |
| **телефони:** | Директор: 070/207-857<br>Пом. директори: 047/ 220-192 |
| **факс:** | (047) 220-192 |
| **e-mail:** | *takidaskalobitola@gmail.com* |
| **WEB:** | www.takidaskalo.edu.mk |

## 2.1. Општи податоци за училиштето

СОУ „ Таки Даскало“ Битола својата дејност ја започна на 01.09.1984 год. со одлука на Собрание на Општина бр. 08/425/1 од 27.01.1984 год. со трансформација – здружување на гимназијата „Браќа Миладиновци“ и Училиштето за занимања на ученици во стопанството „Кочо Рацин“ Битола како Центар за средно стручно образование – Битола. Името „Таки Даскало“ училиштето го доби на 04.11.1985 година со решение на СО Битола. На почетокот на своето работење постоеа следните видови на образование: *рударска, автосообраќајна, градежна, текстилна, кожаро- гумарска струка* и *гимназиско образование*. Со решение на Републичкиот комитет за образование и наука бр. 11-1058 од 22.05.1985 година е добиена верификација за: *рударско-геолошка струка, автосообраќајна, градежно-архитектонска струка, кожаро-гумарска, текстилна струка* и *прехранбена струка*. Во учебната 1993/94 година доаѓа до намалување на образовните профили од градежно-архитектонската, кожаро-гумарската и прехранбената струка, а воведена е *графичката струка* со образовните профили графички техничар и печатар. Од учебната 1997/98 година повторно е застапено *гимназиското образование*, а од учебната 2001/02 година воведено е реформирано гимназиско образование. Со акт 09-526/2 од 20.04.2005 година добиена е верификација за специјалистичко образование од графичка и сообраќајна струка.

Во училиштето е овозможена хоризонтална и вертикална проодност со полагање на дополнителни испити во стручно и гимназиско образование.

Од 2004/05 година до денес во училиштето се реализираа значајни проекти на државно и меѓународно ниво, учениците и наставниците од СОУ „Таки Даскало“ – Битола постигнуваа забележителни резултати.

Со акт 11-42/1 од 04.01.2011 година добиена е верификација за градежно-геодетска струка, а со акт бр 11-6683/7-13 од 28.01.2014 година добиена е верификација за реформирано тригодишно стручно образование ракувач со рударски машини и со акт бр. 11-6683/6-13 од 28.01.2014 година добиена е верификација за реформирано тригодишно стручно образование печатар.

Со акт 12-2526 од 24.12.2015 година добиена е верификација за угостителско-туристичка струка, а од учебната 2017/18 година по Конкурсот за упис на ученици во прва година во средните училишта е воведено занимањето келнер.

Од учебната 2019/2020 година, по Конкурсот за упис на ученици во прва година, одобрена е лични услуги – техничар за козметичка нега и убавина и во гимназиското образование одобрена е билингвална паралелка англиско-македонска.

## 2.2. Просторни и материјално-технички услови за работа на училиштето

| | | |
|---|---|---|
| **Објект блок «А»** | 3499 $м^2$ | изграден во 1948 година |
| **Објект блок «Б»** | 2183 $м^2$ | изграден во 1948 година |
| **Гимнастичка сала** | 411,68 $м^2$ | адаптирана |
| **Кошаркарска сала** | 318,75 $м^2$ | |
| **Терени и игралишта** | 1284 $м^2$ | |
| **Дворно место** | 1661 $м^2$ | |
| **Зелени површини** | 2133 $м^2$ | |
| **Пасаж** | 162,52 $м^2$ | |
| **Број на катови** | 3 во блок «А» и 2 во блок «Б» | |
| **Број на училници** | 29 | |
| **Лаборатории** | 3 | |
| **Работилници** | 5 | |
| **Помали училници** | 7 | |
| **Кабинети и работилници** | 9 | |
| **Инклузивен центар** | 1 | |
| **Кариерен центар** | 1 | |
| **Просторија за работа со родители** | 1 | |
| **Библиотека** | 1 | 26950 книги |
| **Простории за администрација** | 9 | |
| **Организација на работата** | Наставата се организира во 2 смени: претпладне од 7:15 до 13:15 часот и попладне од 13:30-19.30 ч. | |
| **Загревање** | сопствено парно на нафта | |

Училиштето располага со:

| | |
|---|---|
| ➢ **106 преносни компјутери,**<br>➢ **113 монитори,**<br>➢ **69 куќишта,**<br>➢ **461 компјутерски маси и**<br>➢ **700 наставни столчиња** | Сите училници опремени се со по еден компјутер за наставникот,а наставниот кадар располага со персонални - преносни компјутери |

| | |
|---|---|
| ➢ **1 LCD проектор**<br>➢ **2 електронски табли**<br>➢ **1 интерактивна табла**<br>➢ **Надзорни камери** | наведената опрема се користи при презентации и предавања<br>ревитализација на видео надзорот во училиштето |
| ➢ **10 ласерски печатачи**<br>➢ **2 матрични печатачи**<br>➢ **2 скенери и**<br>➢ **1 фотокопир** | наведената опрема се користи за реализација на наставниот процес и целокупното работење на училиштето |
| ➢ **7 телевизори** | истите имаат примена во реализацијата наставната програма |

## 2.3. Мапа на училиштето и план на просториите

Училиштето се наоѓа во центарот на Битола на улицата „Димитар Илиевски - Мурато“ 37, во близина на зградата Грозд.




- ❖ Училиштето ќе работи во две смени, претпладне од 7:15 до 13:15 часот и попладне од 13:30 до 19:30 часот. (Во една смена гимназиско образование и сообраќајна струка, а во друга стручно со промена на смените во секој месец).
- ❖ Учебната година ќе започне на 1-ви септември 2020 година, а ќе заврши на 31.08.2021 год. Наставната година ќе трае до 10.06.2021 година, и планирано е да се реализира 180 работни денови за незавршни паралелки, за завршни паралелки наставата ќе трае до 20.05.2021 година и ќе се реализираат 166 работни денови.

- Со оглед на новонастанатата состојба со ковид - 19 пандемијата во светот и во нашата земја, и епидемиолошката ситуација во Република С. Македонија, можни се измени во организација на наставата во училиштето во учебната 2020/21 година, согласно насоките и протоколите кои ќе бидат дадени од Министерството за образование и наука, Министерствотото за здравство и Комисијата за заразни болести, така што според тоа ќе се донесе одлука кој модел на настава ќе се избере наставата со физичко присуство на учениците и наставниците, настава на далечнина, т.н. онлајн настава, со користење на платформи за онлајн настава како зум, мајкрософт тимс, класрум и др. или комбиниран тип на настава со физичко присуство и дел со настава на далечина.
- Училиштето ќе изготви посебен протокол за работа во услови на пандемија со ковид 19 согласно препораките на МОН.
- За сите измени кои ќе настанат во организацијата на наставата, ќе биде изготвен посебен План за организација и реализација на наставата, кој ќе го изготви Тимот за планирање и реализација на план и протокол за одржување на настава во услови на ковид – 19, кој ќе биде приложен како Анекс на Годишната програма за работа на училиштето.
- Можно е организацијата и реализацијата на наставниот процес во училиштето да претрпи измени и во текот на наставната година, во зависност од развојот на епидемиолошката состојба со ковид-19 вирусот во нашата држава и мерките кои ќе бидат преземени од Владата на Р.С.М., МОН, Министерството за здравство и Комисијата за заразни болести.

**Прилози: Протокол од МОН за работа на Училиштето во услови на пандемија со ковид 19**

**Решение за формирање на Тимот за планирање и реализација на план и протокол за одржување на настава во услови на ковид-19**

## 2.4. Структура на училиштето

Во учебната 2020/2021 година во СОУ„Таки Даскало“ – Битола учениците ќе бидат распоредени во соодветни паралелки предвидени во Конкурсот за запишување на ученици во гимназиско и стручно образование.

| ВИД НА ОБРАЗОВАНИЕ | ГОДИНИ НА ОБРАЗОВАНИЕ | ЗАНИМАЊЕ- НАСОКА |
|---|---|---|
| ***Геолошко-рударска и металуршка струка*** | тригодишно | Ракувач со рударски машини- реформирани наставни планови |
| ***Геолошко-рударска и металуршка струка*** | четиригодишно | Геолошко-рударски техничар – Стари наставни планови |

| | | |
|---|---|---|
| ***Геологија, рударство и металургија*** | | Геолошко-рударски техничар – реформирани наставни планови |
| ***Сообраќајна струка***<br><br>***Сообраќај, траснпорт и складирање*** | четиригодишно | Сообраќаен техничар за патен сообраќај<br>Техничар за транспорт и шпедиција<br>Техничар за логистика и осигурување<br>Техничар за логистика во сообраќајот |
| ***Текстилно-кожарска Тесктил, кожа и слични производи*** | четиригодишно | Техничар за дизајн на облека/ техничар за изработка на облека |
| ***Графичка струка***<br><br>***Графичарство*** | четиригодишно | Графички техничар/<br>Графички уредник дизајнер |
| | тригодишно | Печатар/<br>Изработувач на визуелни апликации - реформирани наставни програми |
| ***Градежно-геодетска и архитектонска***<br><br>***Градежништво и архитектура*** | четиригодишно | Градежен техничар<br>Архитектонски техничар |
| ***Угостителско-туристичка струка Угостителство и туризам*** | четиригодишно | Хотелско-туристички техничар |
| ***Лични услуги*** | четиригодишно | Техничар за козметичка нега и убавина |
| ***Гимназиско образование*** | четиригодишно | Општествено-хуманистичко А / Б,<br>Јазично-уметничко А / Б,<br>Математичко подрачје А / Б<br>Билингвална паралелка англиско-македонска |
| ***Специјалистичко образование*** | V-степен на образование во сообраќајна струка | Возач-инструктор |

**Прилог:** **Преглед на запишани ученици по паралелки**

Реализацијата на наставните и вонnаставните активности за учебната 2020/21 година ќе се организира од **89** наставници распоредени во **14** стручни активи, а стручните активи учествуваат преку своите програми во унапредувањето на квалитетот на редовната, додатната и дополнителната настава.

**Прилог: Преглед на наставници по полова, етничка структура, степен на образование и староснa структура.**

## 2.5. Управување-членови на Училишен одбор

Највисок орган на управување во училиштето е Училишниот одбор и работи според деловник за работа предвиден со Законот и Статутот на Училиштето.

Училишниот одбор брои 12 члена:

1. Татјана Црнец – претседател
2. Јасмина Василевска
3. Тони Видевски
4. Весна М. Трајковска
5. Виолета Јошевска
6. Владо Бабаџовски
7. Маргарита Трајковска
8. Ице Дамјановски
9. Слаџана Наумовска
10. Дијана Христовска
11. Цвете Димитриевска
12. Жозефина Тромбевска

**Прилог: Програма за работа на Училишниот одбор**

## 2.6. Раководење

Раководен орган на Училиштето е директорот. Во работата на Директорот му помагаат два помошници - директори.

**Прилог: Програма за работа на директорот**
**Прилог: Програма за работа на помошници-директори**

## 2.7. Родители

Вклучувањето на родителите во активностите на СОУ „Таки Даскало” Битола придонесува за решавање на прашања поврзани со иднината на нивните деца и целата заедница. Својот придонес родителите во работата на Училиштето го реализираа преку:

- ✓ Одбор на родители на паралелката;
- ✓ Одбор на родители на годината;
- ✓ Совет на родители на учениците во Училиштето;
- ✓ Учество во работата на Училишниот одбор на училиштето.

Одговорни наставници за соработка со родителите:

- Владо Ѓоргиевски
- Добре Босилковски

Членови на Советот на родители

1. Сашо Никовски - претседател
2. Гордана Димитровска
3. Сашо Спасевски
4. Никола Терзиовски
5. Силвана Христовска
6. Славица Талевска
7. Маргарита Трајковска
8. Виолета Јошевска
9. Илче Спировски

**Прилог: Програми за работа на совет на родители, одбор на родители и членови**

## 2.8. Раководител на паралелката

Организацијата и реализацијата на работата во паралелката му е доверена на класниот раководител. Неговите обврски и работни задачи се дефинирани во Статутот на Училиштето.

**Прилог: План за работа на класниот раководител, по програмата за ОЖВ, должности на класниот раководител**

## 2.9. Стручни активи

Стручните активи се одговорни за подобрување на квалитетот на наставата, преку заедничко изработување на глобални и тематски планирања и зголемување на соработката помеѓу наставниците.

Стручните активи донесуваат акциони планови за подобрување на успехот и поведението, на ниво на активи, а потоа тие се вградуваат во генералниот Акционен план.

Во Училиштето функционираат следните стручни активи:

- **<u>ЈАЗИЧЕН АКТИВ</u>**

1. ***Актив по македонски јазик и литература***
   Одговорен наставник – Милица Радевска-Димитријовска
   <u>Прилог:</u> Програма

2. ***Актив по странски јазици и латински јазик (англиски јазик, француски јазик, германски јазик и латински јазик)***
   Одговорен наставник – Македонка Атанасоска
   <u>Прилог:</u>Програма

- **<u>ОПШТООБРАЗОВЕН АКТИВ – ОПШТЕСТВЕНО - ХУМАНИСТИЧКИ ПРЕДМЕТИ</u>**

3. ***Актив по социологија, психологија, логика, филозофија, историја, мир, одбрана и толеранција, менаџменти бизнис, угостителско-туристичка струка***
   Одговорен наставник – Роберт Трајковски
   <u>Прилог:</u>Програма

- **<u>ОПШТООБРАЗОВЕН АКТИВ – ПРИРОДНИ НАУКИ</u>**

4. ***Актив по математика:***
   Одговорен наставник – Валентина Ацевска
   <u>Прилог:</u>Програма

5. ***Актив по физика, информатика, електротехника и електроника, сметачи и програмирање***
   Одговорен наставник – Владо Јоновски
   <u>Прилог:</u>Програма

6. ***Актив по географија, биологија и хемија***

Одговорен наставник – Мирјана Планчак
Прилог:Програма

- **ОПШТООБРАЗОВЕН АКТИВ – СПОРТ И УМЕТНОСТИ**

7. ***Актив по спорт и спортски активности***
   Одговорен наставник – Владимир Трифуновски
   Прилог:Програма

8. ***Актив по ликовна уметност (култура) и музичка уметност (култура)***
   Одговорен наставник – Христијан Петковиќ
   Прилог:Програма

- **АКТИВ НА СТРУЧНИ ПРЕДМЕТИ**

9. ***Актив по рударски стручни предмети***
   Одговорен наставник – Елизабета Ристевска
   Прилог:Програма

10. ***Актив по сообраќајни и машински стручни предмети***
    Одговорен наставник – Томе Андоновски
    Прилог:Програма

11. ***Актив по текстилни стручни предмети***
    Одговорен наставник – Живка Ицановска
    Прилог:Програма

12. ***Актив по графички стручни предмети***
    Одговореннаставник – Миле Атанасовски
    Прилог:Програма

13. ***Актив за градежно-геодетски стручни предмети***
    Одговорен наставник – Петар Георгиевски
    Прилог:Програма

14. ***Актив за угостителско-туристички стручни предмети***
    Одговорен наставник – Николче Гелевски
    Прилог:Програма

## 2.10. Стручни органи и тела

Стручни органи во Училиштето се:

❖ **Наставнички совет**

Наставничкиот совет на Училиштето е составен од наставниците и стручните соработници вклучени во воспитно-образовната дејност. Делокругот за работа на Наставничкиот совет се утврдува со одредби од Статутот и Законот за средно образование.

Со цел да се конкретизира работата на Наставничкиот совет на Училиштето изготвен е и усвоен Деловник за работа.

Од седниците на Наставничкиот совет се води записничка книга. Записниците ги изготвува педагошко-психолошката служба во Училиштето.

**Прилог: Програма на Наставничкиот совет и список на членови на Наставнички совет**

❖ **Совет на годината, односно Совет на струката**

Советот на годината го сочинуваат наставници и стручни соработници кои изведуваат настава во струката, односно годината.

❖ **Совет на паралелката**

Советот на паралеката го сочинуваат наставници и стручни соработници-реализатори на наставата во паралелката.

Советот на годината (струката) и Советот на паралелката се состануваат, по правило, на секои три месеци, а по укажана потреба и почесто. Делокругот за работа на Советот се утврдува со Закон и Статутот на Училиштето. За работата на Советот на годината се водат записници од страна на Педагошко–психолошката служба на Училиштето.

Со работата на Наставничкиот совет, Советот на годината (струката) и Советот на паралелката раководат Директорот и неговите помошници.

## 2.11. Заедница на учениците

Најголем придонес во развојот на актуелноста на Училиштето придонесува Ученичката заедница преку бројни активности низ кои до израз доаѓаат индивидуалните вредности, креативноста и иновативност на учениците. Активностите на заедниците на учениците се планирани во Годишната програма за работа како една од приоритетните задачи.

Работата на заедниците на учениците е организирана во форма на:

- Ученички заедници на паралелките;
- Ученички заедници по години на образование;
- ученичка заедница на нив на Училиште;

Целта, задачите и активностите се дадени во Програмата за работа на заедниците.

Одговорен наставник: Христијан Петковиќ, Христијан Велјанов

Прилог:Програма

**2.13. Членови на Еко-одбор**

1. Весна Мундишевска-Велјановска - претседател
2. Славица Наумовска
3. Тони Видевски
4. Драгица Здравковска
5. Весна Христовска
6. Валентина Ристевска
7. Љубица Мешкова Солак
8. Сашо Никовски
9. Виолета Јошевска
10. Весна М.Трајковска
11. Цвета Димитриевска

**2.12. Наставен и ненаставен кадар**

Во учебната 2020/2021 година воспитно-образовниот процес ќе го реализираат вкупно **89** наставници со соодветна стручна спрема, подготвени да ги следат промените во образовниот систем во Р.С.Македонија и да реализираат настава според соодветни наставни планови и програми.

**Прилог:Преглед на вработени по етничка и полова структура, преглед според степен на образование и старосна структура кадар по степен на образование.**

## Преглед на вработени по етничка и полова структура

| | *Вкупно* | *Етничка и родова структура на вработени* | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Македонци** | | **Албанци** | | **Турци** | | **Роми** | | **Други** | |
| | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| Број на вработени | 119 | 40 | 79 | / | / | / | / | / | / | 2 | 2 |
| Број на наставен кадар | 89 | 27 | 58 | / | / | / | / | / | / | 2 | 2 |
| Број на стручни соработници | 7 | / | 7 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Административни работници | 3 | 1 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Техничка служба | 17 | 5 | 12 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Директор | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Помошници директори | 2 | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |

## Старосна структура на вработени

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 год. | / |
| 31-40 год. | 15 |
| 41-50 год. | 46 |
| 51-60 год. | 51 |
| Над 60 год. | 7 |
| **Вкупно:** | **119** |

## Степен на образование на вработени

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Доктори на наука | 5 |
| Магистри на наука | 14 |
| Високо образование | 82 |
| Виша стручна подготовка | 1 |
| Средно образование | 17 |

### Преглед на ученици по етничка и полова структура

| Година на образование | Бр.на класови | Бр.на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | 12 | 178 | 72 | 65 | 12 | 4 | 6 | 2 | 6 | 7 | 3 | 1 |
| **II** | 12 | 177 | 62 | 79 | 15 | 6 | 2 | / | 8 | 5 | / | / |
| **III** | 12 | 175 | 79 | 66 | 12 | 2 | 4 | 2 | 4 | 6 | / | / |
| **IV** | 10 | 161 | 67 | 75 | / | 6 | 3 | 1 | 3 | 3 | 2 | 1 |
| **Вкупно** | **46** | **691** | **280** | **285** | **39** | **18** | **15** | **5** | **21** | **21** | **5** | **2** |

### Преглед на ученици кои користат превоз и сместени во ученички дом

| Вид на превоз | Број на ученици |
|---|---|
| Општински линиски превоз | 178 |
| Меѓуопштински и посебен линиски превоз | 91 |
| **Вкупно:** | **269** |
| **Ученици сместени во ученички дом** | |
| Прва година | 22 |
| Втора година | 20 |
| Трета година | 12 |
| Четврта година | 12 |
| **Вкупно:** | **66** |

# 3. МИСИЈА И ВИЗИЈА НА СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ БИТОЛА

## ИЗЈАВА ЗА МИСИЈАТА

- **Образовниот процес во СОУ „Таки Даскало“ Битола ќе биде адаптиран на индивидуалните можности и потреби на учениците, независно од половите, етнички, културните и социо-економски разлики, преку примена на современа образовна технологија, со цел за примена на стекнатите искуства во практиката и успешно вклучување на пазарот на трудот.**
- **Во соработка со родителите и локалната средина континурано ќе се води грижа за здравјето и безбедноста на учениците ќе се одржува клима на доверба и взаемна почит на патот за кариерен развој.**
- **Со перманентно стручно усовршување на наставниот кадар ќе се реализираат наставните планови и програми и проектите кои ќе не доближат до европскиот образовен систем и ќе се овозможи кариерно напредување на наставниците.**

## МОТО

- ***ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА ЗНАЕЊЕТО***

## ЛОГО

- ***УЧИМЕ ЗА ДА РАБОТИМЕ***

## ВИЗИЈА

- **СОУ „Таки Даскало“ Битола да биде училиште кое им нуди на учениците проширени знаења во гимназиско и стручно образование, апликативни во практиката на пазарот на трудот во локалната средина и во европските земји со осовременување на условите за учење и личен развој.**
- **Нашата визија ќе ја оствариме преку следење на современите текови, континуирано професионално надградување на наставниот кадар, отворање на нови образовни профили, со крајна цел знаењето да се применува во практиката и да се подобри квалитетот на живот на учениците како идни граѓани.**

# 4. ВЕЌЕ НАУЧЕНИ/СТЕКНАТИ ИСКУСТВА

Врз основа на демографската структура во општина Битола последнава декада постои перманентен пад на бројот на средношколци, а со тоа и пад на бројната состојба на учениците во СОУ „Таки Дакало“. Поаѓајќи од ваквата состојба и свесни за предизвиците кои стојат пред нас, а врз основа на искуствата стекнати со реализацијата на меѓународните проекти, активностите на вработените ќе бидат насочени кон постигнување подобар квалитет, флексибилност, мобилност и можност за одговор на потребите и промените како во македонското општество, така и во европската заедница.

Следејќи ги искуствата свесни сме дека се повеќе професии бараат исклучиво познавање на модерната технологија, но и на потребата од доживотно учење. Темелните заеднички компетенции на гимназиското и стручното образование се стремиме да ги развиваме според европските стандарди.

**<u>Прилог:</u> Извештај за работа на Училиштето за учебната 2019/2020 год.**

## 5. ПРИОРИТЕТИ

Како приоритетни задачи што пред себе ги поставува СОУ „Таки Даскало“ Битола за учебната 2020/2021 година може да се издвојат:

1. Изработување и постапување по протоколи за реализација на воспитно-образовниот процес во СОУ “Таки Даскало“ Битола, во услови на ковид пандемија и спроведување на протоколите од МОН, Министерство за здравство, Комисија за заразни болести и Општина Битола.

2. Обезбедување на сигурна и безбедна училишна средина во услови на пандемија, грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените во училиштето, подобрување на условите за учење и работа, одржување на здравствено-хигиенските услови на највисоко ниво, дезифекција на училишните простории, и следење на сите здравствени протоколи, организација на работниот простор за одржување на потребна физичка дистанца и организација на движењето на учениците.

3. Организација на наставниот процес согласно настанатата состојба со ковид-19 пандемијата, прилагодување на целиот воспитно-образовен процес, во зависност од препораките на МОН, организација на паралелките и на бројот на ученици според препораките за обезбедување на физичка дистанца, носење на маски за заштита.

4. Обезбедување на техничка поддршка за изведување на настава на

далечина, преку обезбедување на компјутери за наставниците, зајакнување на компјутерската мрежа и интернет пристапот за изведување на онлајн настава со присуство на наставникот во училница.

5. Контрола и надзор на наставниот кадар за процесот на изведување настава во услови на пандемија со ковид-19 од страна на директорот и стручната служба. Давање педагошко-психолошка поддршка на наставниците за прилагодување на наставата од страна на стручната служба.
6. Подобрување на успехот и редовноста на учениците, организација на процесот на настава и поучување во услови на пандемија, изготвување на флексибилни наставни планови и програми за учениците, градење на поволна училишна клима за поддршка на учениците и инклузија на сите ученици, согласно нивните индивидуални потреби.
7. Поддржување на професионалниот развој на наставниците; организирање на обуки за наставниот кадар за зголемување на нивото на компетенции за користење на електронски алатки и платформи за далечинско учење поддржани од МОН и Општина Битола; давање поддршка на наставниот кадар од страна на стручната служба и администраторот околу предизвиците во изведување на процесот на настава.
8. Градење партнерство со родителите (семејството) и локалната заедница и заемна поддршка заради зголемување на безбедноста и здравјето на учениците и нивниот успех и поведение; грижа за физичкото, но и за психичкото и емоционалното здравје на учениците и справување со стресот поради пандемијата.
9. Давање психосоцијална поддршка и поттикнување на мотивацијата на наставниот кадар, учениците и родителите околу реализација на воспитно-образовниот процес и справување со стресот во услови на пандемија со ковид-19.
10. Меѓународна соработка – поттикнување на интеракцијата, соработката и мобилноста помеѓу нашите образовни искуства и искуствата на нашите европски партнери, продолжување со реализација на проектите од Еразмус плус програмата, доколку тоа го дозволат условите со развој на пандемијата од ковид-19;
11. Професионален развој на учениците преку спроведување на програмата за кариерно советување
12. Еко училиште;

13. Развој на образовните можности за возрасните, развој на неформалното образование;

14. Обезбедување атмосфера за поддршка, која ги стимулира позитивните идеи за инклузивно образование, меѓуетничка интеграција во образованието во безбедна и хармонична средина

## 5.1. Цели

- Почитување на протоколите за заштита на здравјето и безбедност на учениците и вработените во услови на светска пандемија со ковид-19;
- Подобрување на условите за работа, учење и грижа за здравјето и безбедноста на учениците и наставниците, обезбедување на високо ниво на хигиена и дезинфекција на училишните простории, согласно здравствените протоколи;
- Развивање на професионалните и информатичките компетенции на наставниците за користење на електронски алатки и платформи за реализација на настава на далечина – онлајн учење;
- Изготвување на флексибилни наставни планови и програми за учениците прилагодени на актуелната состојба со пандемијата од ковид-19,
- Градење на поволна училишна клима за поддршка учениците и инклузија на сите ученици, согласно нивните индивидуални потреби,
- Развивање на стручни компетенции, практични вештини и способности кај учениците и наставниците;
- Поттикнување на мотивацијата за постигнување на сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес и давање поддршка и на наставниот кадар и на учениците во услови на пандемија;
- Давање психосоцијална поддршка на наставниот кадар, учениците и родителите околу воспитно-образовниот процес во услови на пандемија со ковид-19 и справување со стресот;
- Подобрување на соработката со родителите;
- Подобрување на јазичните и комуникациските вештини;
- Унапредување на социјални компетенции и претприемништво/да се научи како да се учи, низ стекнување општа култура;
- Развивање на вештини за изработка на проекти;
- Јакнење на соработката со локалната заедница;

# 6. АКЦИОНИ ПЛАНОВИ

Акционите планови за учебната 2020/2021 година се во согласност со состојбата со ковид-19 и со потребите за развој на стручните активи и изработени врз согледувањата добиени од самоевалуацијата и кон реализација на поставените приоритети и цели.

## 6.1. АКЦИОНЕН ПЛАН НА СОУ “ТАКИ ДАСКАЛО“ ЗА УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

| Година 2020/2021 | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задача** | **Активност** | **Во текот на учебна година** | **Носител** | **Начин на спроведување** | **Инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **Потребен буџет** |
| Изработка на протоколи за изведување настава во услови на пандемија со ковид-19<br><br>Грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените во училиштето | ➢ Изработување и постапување по протоколи за реализација на воспитно-образовниот процес во СОУ “Таки Даскало“ Битола, во услови на ковид пандемија и спроведување на протоколите од МОН, Министерство за здравство, Комисија за заразни болести и Општина Битола.<br>➢ Подобрување на условите за учење и работа, одржување на здравствено-хигиенски услови на највисоко ниво во услови на пандемија, дезифекција на училишните простории, и следење на сите здравствени протоколи, организација<br>➢ Организација на наставниот процес согласно настанатата состојба со ковид-19 пандемијата, техничка поддршка со нови компјутери и побрз интернет прилагодување на целиот воспитно-образовен процес, во зависност од препораките на МОН,<br>➢ Организација на паралеките и на бројот на ученици според препораките за обезбедување на физичка дистанца, носење маски организација на движењето на учениците<br>➢ Надзор и контрола над работата на наставниот кадар од страна на директорот и стручната служба директорот и стручната служба | | Директор Помошници-директори, Стручна служба, Тим за планирање и реализација на план и протокол за одржување на настава во услови на ковид-19 | Анализа и следење на состојбите со развој на пандемијата со ковид-19 вирусот | Извештаи за спроведени активнности Извештаи од состаноци на менаџерскиот тим и тимот за планирање и реализација на план и протокол за одржување на настава во услови на ковид-19, | Успешна организација и спроведување на воспитно-образовниот процес и обезбедување на високо ниво на безбедност и хигиенски услови во училиштето, | Директор Помошници-директори, Стручна служба, Тим за планирање и реализација на план и протокол за одржување на настава во услови на ковид-19 | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Организирање на наставниот процес во услови на пандемија со ковид-19<br><br>Прилагодување на наставниот процес во зависност од одвивањето на пандемијата со вирусот | - Организација на процесот на настава и поучување во услови на пандемија,<br>- Практична настава во соработка со стопанскиот сектор со меѓусебно договарање<br>- Изготвување на флексибилни наставни планови за учениците,<br>- Организација и прилагодување на процесот на настава согласно препораките на МОН, за еден од трите модели, физичко присуство, настава на далечина или комбинирана настава<br>- Градење на поволна училишна клима за поддршка учениците и<br>- Инклузија на сите ученици, согласно нивните индивидуални потреби.<br>- Градење партнерство со родителите (семејството) и локалната заедница и заемна поддршка заради зголемување на безбедноста и здравјето на учениците и нивниот успех и поведение;<br>- Грижа за физичкото, психичкото и емоционалното здравје на учениците и справување со стресот поради пандемијата.<br>- Давање психосоцијална поддршка настaвниците, учениците и родителите во процесот на настава | | Директор Помошници-директори, Стручна служба, Тим за планирање и реализација на план и протокол за одржување на настава во услови на ковид-19 | Анализа и следење на процесот на организација и одвивање на настава во услови на ковид -19, Анализа на начинот на одвивање на часовите во зависност од моделот кој ќе биде избран – настава со физичко присуство, настава на далечина или комбиниран модел | Извештаи за спроведени активности извештаи од стручна служба, извештаи од набљудување на часови, извештаи од состаноци на Директор Помошници-директори, Стручна служба, Тим за планирање и реализација на план и протокол за одржување на настава во услови на ковид-19 | Успешна организација и спроведување на воспитно-образовниот процес | Директор Помошници-директори, Стручна служба, Тим за планирање и реализација на план и протокол за одржување на настава во услови на ковид-19 | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на програма и стратегија за професионален развој на наставниците, Подобрување и развој на информатичките компетенции на наставниците за користење за ИКТ технологија за онлјан настава Подготовка на ажурирани портфолија за професионален развој на наставниците | ➢ Идентификување на потребите, изработка на програма и стратегија за професионалниот развој на наставниците со јасни цели и приоритети во стручното усовршување на наставниот кадар и во услови на ковид-19 пандемија<br>➢ Обука на наставниот кадар за современи форми и методи на работа, примена на ИКТ во наставата и користење алатки и платформи за онлајн поддржани од МОН<br>➢ Поддршка на наставниот кадар за реализација на наставата во услови на ковд-19<br>➢ Обезбедување на средства за финансиска поддршка на наставниот кадар за учества на обуки, конгреси, конференции, семинари и друг и професионални манифестации.<br>➢ Примена на здобиените знаења и вештини од поминатите обуки во наставата.<br>➢ Наставниците подготвуваат портфолија за нивниот професионален развој и напредок.<br>➢ Педагошката служба води уредна евиденција за активностите спроведени од страна на наставниците и се дел од нивното перманентно стручно усовршување | | Директор, Наставници, стручна служба, БРО МОН, Тим за планирање и реализација на план и протокол за одржување на настава во услови на ковид-19 | Анализи на постоечка состојба, организирање и учество на обуки, семинари стручни конференции и примена на стекнатите сознанија во практика со расположливи физичкии човечки ресурси Обуки за користење на ИКТ и користење на платформи за изведување онлајн настава, зум, мајкрософт тимс и др. | Извештаи за реализирани обуки, семинари, за посетени конференции, конгреси, анкети, прашалници, формални и неформални разговори<br><br>Ажурирани портфолија кои содржат сертификати на наставниците за поминатите обуки. Стручен и професионален напредок на наставникот | Успешно завршени обуки кои ги задоволуваат интересите на наставниците подобрување и унапредување на процесот на настава<br><br>Конкретни резултатиод секоја активност внесени во портфолиото и запишани во биографијата на наставникот. | Директор стручна служба, претседатели на активи | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инфраструктурно подобрување на условите за работа и учење во училиштето | ➢Изготвување на проекти за инфраструктурно подобрување на спортските игралишта,<br>➢Проект за партерно уредување на училишниот двор со бехатон плочки,<br>➢Проект за хорстикултурно-уредување на училишниот двор<br>➢Проект за реконструкција на библиотеката<br>➢Проект за создавање на мултимедијален простор и конференциска сала за состаноци и комуникација и организирање семинари, конференции, обуки и работилници<br>➢Предмер за реконструкција на канализационата и водоводната мрежа на училиштето<br>➢Аплицирање за добивање на проекти за инфраструктурно подобрување<br>➢Набавена специјална мултинаменска машина за дезинфекција на училишните простории за заштита од ковид-19 | **Во текот на целата година** | Директор Проектни тимови за изготвување на проектна документација вработени | Материјални и човечки ресурси | Извештаи од реализирани инфраструктура ни проекти | Подобрени услови за учење и работа, | Директор | |
| Меѓународна соработка, градење партнерства, меѓународни проекти за мобилност | Одобрени проекти во рамките на Програмата “Еразмус плус“:<br>1. Проект “ Sustainable living – active cititzens “ -“ Одржливо живеење – активни граѓани“<br>2. Еразмус плус проект К2 “MOVIES“ – ИКТ и јазични вештини, вештини за правење на филм<br>3. Еразмус плус проект “BUILD: BUILDing ties between EU and Enlargement Contries to trigger the VET system development and improvement“<br>4. Еразмус плус проект “Healthy live, healthy kids, healthy future“<br>5. Збратимување со училиште од Истанбул, Турција<br>6. Еразмус проекти кое се во фаза на одобрување<br>7. Аплицирање за меѓународни проекти за мобилност, и соработка со партнерски училишта<br>8 . Посета на ученици од партнерски училишта, културна размена | **Во текот на целата година** | Директор Проектни тимови Наставници, педагошко-психолошка служба | Меѓународни посети, мобилност во земјите-партнери вклучени во проектите, размена на искуства, заеднички активности со вклученост на расположливите материјални и човечки ресурси | Извештаи за реализирани меѓународни проекти и посети на партнерски училишта, размена на ученици и наставници | Подобрена меѓународна соработка со партнерски училишта размена на ученици од Белгија, Франција, Германија, Италија, Холандија, Луксембург, Португалија, Турција, Норвешка, Финска, Шпанија, Романија, Бугарија, и Македонија | Директор , координатор и на проекти, наставници, проектни тимови стручни соработници | Буџети од проект ите |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Подобрување на успехот за 0.2% | Да се зголеми процентот на присутни на дополонителна настава Соработка со родители класни раководители и со наставници; Примена на Интерактивни методи и ИКТ во наставата | **Во текот на целата година** | Психолог, педагог, класни раководители предметни наставници, | Организирање на дополнителна и додатна настава, состаноци со родители и наставници со расположливи физичкии човечки ресурси | Дневник за работа, Извештаи за успехот по тримесечја, Евиденција за советување на родители и ученици | Подобрување на успехот за 0.2% | Директор, психолог, педагог, класни раководители, Предметни наставници | |
| Подобрување на редовноста под 40 оправдани по ученик и под 5 неоправдани по ученик | Да се регулираат навремено изостаноците и да се изрекуваат педагошките мерки; Следење на отсуствата на учениците од настава; Анализа на причините за отсуствата од настава Соработка со стручната служба за подобрување на редовноста | **Во текот на целата учебна година** | Директор, психолог, педагог, совет на паралелкиракводител и на паралелките, совет на родители | Организирање на советодавни средби со ученици и родители, Реализирање на план за подобрување на редовноста Физички и човечки | Протокол за следење на изостаноците, дневник за работа извештаи за редовност | Зголемена редовност во наставата | Директор, Психолог Педагог, совет на паралелки и Совет на родители | |
| Да се интензивира соработката помеѓу родителите, раководителите на паралелките наставниците и педагошко-психолошката служба, во услови на ковид | Средби со ученици, родители и наставници. Советодавни разговори со учениците и родителите Реализирање на програмата за советување на родители и ученици Работни состаноци со ученици, родители, ОР, УО, при донесување одлуки, предавања за родители, предавања од родителите за Учениците Давање психосоцијална поддршка на наставниците, учениците уи родителите во процесот на настава и во справувањето со стресот поради пандемијата | **Во текот на целата учебна година** | Раководители на паралелките Наставници, Педагошко-психолошка служба Совет на родители | Состаноци со класни раководители и наставници и советодавни средби со ученици и родители | Извештаи за реализирани средби со родители од страна на класни раководители и предметни наставници Извештаи за реализирани средби од страна на ППС | Подобрена соработка со родителите, поголема вклученост на родителите во активностите на училиштето | Директор, психолог, Педагог, паралелки и Совет на родители | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Соработка со локална заедница | Вклученост во проекти кои се реализираат во локалната заедница во организација на Општина Битола, МОН, Бирото за развој на образованието, невладини организации, Црвен крст, Центар за јавно здравје, | **Во текот на целата учебна година** | Директор, Психолошко -педагошка служба, класни раководители, наставници | Реализација на заеднички проекти, јавни настани, обуки, семинари | Анкетни прашалници, Извештаи за реализирани активности | Подобрена соработка со локалната заедница Промоција на училиштето, Зајакната грижа за здравјето и безбедноста на учениците | Директор, Психолошко-педагошка служба, класни раководители наставници | |
| **Еразмус плус проект К2 “MOVIES“** | ЕУ,Национална агенција за европски образовни програми и мобилност партнерски училишта од Италија, Португалија, Турција, Романија | Развивање на ИКТ и јазичните вештини, како и вештините за изработка на филм | 2018 - 2021 |
| **„Движете се дигитално и бидете Европејци“- студиски посети во** | ЕУ,Национална агенција за европски образовни програми и мобилност | Проширување на знаењата на учениците за | 2018-2020 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Аташехир- Турција<br>Сибиу- Романија** | партнерски училишта<br>Д. Митревска,<br>В. Јовановска<br>К.Младенова | вештини поврзани со креирање на филмови<br>Јакнење на дигиталните компетенции и ИКТ вештини , развој на комуникациски вештини, креативност и критичко мислење | |
| **Проект за врсничко насилство, во соработка со Коалиција на младински организации “СЕГА“, Отворена порта, Европска Унија** | Коалиција на младински организации “СЕГА“<br>Отворена порта, Европска Унија<br>Марија Младеновска-Димитровска,<br>Славица Наумовска | Обучување на стручните служби од училиштата за препознавање и превенција на врсничкото насилство | 2019/ 2020 |
| **SELFIE- проект МОН, Европска фондација за обука при Европска Унија** | МОН, Европска фондација за обука при Европска Унија<br>М.Атанасоски | Обука за имплементација на, учество во дискусија | 2019/ 2020 |
| **Еразмус плус проект “BUILD: BUILDing ties between EU and Enlargement Contries to trigger the VET system development and improvement“** | ЕУ,Национална агенција за европски образовни програми и мобилност партнерски училишта од Белгија, Франција, Германија, Италија, Холандија, Луксембург и Р.С. Македонија<br>Драгица Здравковска координатор | Размена на искуства и добри практики, градење партнерства | 2019/ 2021 |
| **Еразмус плус проект “Healthy live, healthy kids, healthy future“** | ЕУ,Национална агенција за европски образовни програми и мобилност партнерски училишта од Португалија, Турција, романија, Бугарија и Р.С. Македонија,<br>Весна Јовановска, координатор | Размена на искуства и добри практики, градење партнерства | 2019/ 2021 |
| **Збратимување со училиште од Истанбул, Турција** | СОУ“Таки Даскало“,<br>Партнер-училиштето од Истанбул, Турција,<br>Елизабета Наумовска,<br>Марија Младеновска Димитровска,<br>Наташа Котевска | Размена на искуства и добри практики, градење партнерства, студиски посети помеѓу наставници и ученици од сестринските училишта | 2019/ 2021 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Еразмус проект “Гамификација на наставата - Job shadowing“** | ЕУ, Хрватската национална агенција за европски програми и мобилност, III загрепска гимназија, Славица Наумовска, координатор | Мобилност за учење на индивидуи и соработка и размена на добри практики | 2019/2021 |
| **Еразмус проекти во процес на апликација** | ЕУ,Национална агенција за европски образовни програми и мобилност партнерски училишта | Запознавање со текот на активностите за унапредување на на процесот на учење, реализација на настава и обука | 2019/ 2020 |
| **Еразмус проект “Движете се дигитално и бидете Европјеци“** | ЕУ,Национална агенција за европски образовни програми и мобилност партнерски училишта Весна Јовановска, координатор | Мобилност за учење на индивидуи и соработка и размена на добри практики | 2020/2021 |
| **Училишни проекти** | Ученици и одговорни наставници од слободни ученички активности- стручен соработник | Презентација на постигнати резултати на учениците и афирмација пред наставници, родители претставници од локална самоуправа, одбележување на Патронен празник | Септември 2020- јуни 2021 |

## 2. Употреба на ИКТ во наставата

Во годишните и тематските планирања на наставниците планирана е примена на ИКТ технологија со најмалку 30% од вкупниот број на часови, по сите наставни предмети, освен по спорт и спортски активности.

## 3. ОЦЕНУВАЊЕ

### 12.1. Видови оценување и календар на оценување

Предмет на следење, проверување и оценување на воспитно-образовната дејност ќе бидат постигнатите резултати во совладувањето на воспитно-образовните содржини, работните навики, редовноста, степен на заинтересираност, активности ангажираност во учењето и практична оспособеност за примена на знаењата.

Постигнувањата на учениците ќе се вреднуваат со примена на р азлични

стратегии на оценување.

Оценката треба да биде одраз на залагањето на ученикот за време на часот, како и надвор од часот. За таа цел начините со кои ќе ги оцениме треба да бидат разновидни и тоа:

- Усмено оценување (базирано на стандардите за оценување и Блумовата таксономија)
- Писмено оценување (преку објективни тестови)
- Формативно оценување (за време на самите часови)
- Сумативно оценување (на полугодие и на крајот на годината)
- Државна матура (гимназиско образование и четиригодишно средно стручно образование), Училишна матура (гимназиско образование) и Завршен испит (тригодишно и четиригодишно средно стручно образование)

**УСМЕНО ОЦЕНУВАЊЕ**: Определувањето на бројчаната оценка треба да ги има предвид постигнувањата на ученикот во однос на запомнување и репродуцирање на наставните содржини, разбирање и сфаќање на обработените содржини, односно способност на ученикот нив да ги интерпретира со свои зборови, примена на научените содржини во **конкретни задачи со познати и нови елементи**, како и повисоките интелектуални способности на анализа, синтеза и вреднување, што подразбираат способност на ученикот за средување, комбинирање елементи во нови целини и способност за вреднување на оправданоста или наученоста на некое тврдење или дело.

Бројчаната оценка се утврдува на следниот начин:

- **Оценка *Доволен два (2)*** - знаењата на ученикот се однесуваат на запомнување и репродуцирање,ученикот треба да препознава од понуденото, да дефинира, да репродуцира факти,да набројува, да именува одредени поими и да го применува знаењето во наједноставни задачи.

- **Оценка *Добар три (3)* –** знаењата на ученикот се однесуваат на разбирање и сфаќање, ученикот е исполнителен во извршување на активностите за време на часовите, способен е да интерпретира факти, да споредува и набројува, да препознава поимии, факти и да го применува знаењето во едноставни задачи.

- **Оценка *Многу добар четири (4)*** – знаењата на ученикот се однесуваат на примена на задачи од познати и нови елементи, ученикот може да анализира факти и практично да ги применува знаењата, логички да размислува и да има свое мислење, да е постојано активен, исполнителен, редовен во учењето и обврските, да толкува, споредува, да ги разложува и илустрира со конкретни примери стекнатите знаења.

- **Оценка *Одличен пет (5)*** – знаењата на ученикот се однесуваат на анализа, синтеза и вреднување, ученикот може да ги применува знаењата за решавање на знаења со познати и нови елементи, да е способен за логично размислување и практично применување на факти, да има изградено сопствени ставови, да е способен да систематизира и генерализира, да истражува и да ги применува знаењата, да е способен да ја поврзува теоријата со практиката, да користи дополнителни извори, да поставува и одговара на прашања на разни теми.

**ПИСМЕНО ОЦЕНУВАЊЕ:** По секоја тематска целина се проверува степенот на стекнати знаења преку објективни тестови (прашања од сите 4 скалила според Блумовата таксономија, прашања со заокружување, со дополнување, со поврзување, со објаснување, со решавање и др.). За таа цел бодирањето е на следниот начин: од 30% до 50% успешност на реализираност на тестот следи оцена два (2), од 50% до 70% следи оцена три (3), од 70% до 85% оцена четири (4) и од 85% до 100% оцена пет (5)**.**

**ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ:** е процес кој се реализира на самите часови преку кој учениците и наставниците го согледуваат степенот на совладување на материјата, проблемите со кои се соочуваат, што треба да изменат и каде треба да се концентрираат повеќе за што поуспешно совладување на споменатото градиво.

**СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ:** Следи како резултат на сите горе споменати форми на оценување и се врши на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година.

- Доколку се организира онлајн настава, во зависност од тоа како ќе се одвива ситуацијата со пандемијата со ковид-19, и оценувањето на постигањата на учениците ќе биде спроведено онлајн.

**ЗАВРШНО ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ:**

**Државната матура** е наменета за учениците од гимназиско образование и четиригодишно средно стручно образование и претставува завршен дел на средното образование и има за цел да послужи за селекција на кандидатите за запишување на високото образование. Државната матура се полага според посебни испитни програми кои се темелат на целите на наставаните програми за соодветните наставни предмети кои се вклучени во листата за Државна матура. Државната матура опфаќа : задолжителен дел, изборен дел и проектна задача. Полагањето се врши според распоред од Државниот испитен центар за екстерниот дел на испитите и од Училишната матурска комисија за интерните испити и проектната задача. Оценувањето за екстерните испити се врши екстерно и го спроведува комисија формирана од Државниот испитен центар, а за

интерните испити оценувањето се врши интерно и го спроведува предметна комисија формирана од Училишната матурска комисија и исто така оценките се движат на скалило од 1 до 5 и оценките се запишуваат во дипломи за Државна матура.

**Училишна матура:** Училишната матура е наменета за учениците од гимназиското образование кои не се определиле за полагање на Државна матура. Целта на овој испит е добивање на сертификат за завршено гимназиско образование. Училишната матура се полага според посебни испитни програми кои се темелат на целите на наставните програми за соодветните наставни предмети кои се вклучени во листата на Училишна матура.Училишната матура опфаќа: задолжителен дел, изборен дел и проектна задача. Полагањето се врши според распоред од Училишната матурска комисија за интерните испити и проектната задача.Оценувањето за интерните испити се врши интерно и го спроведува предметна комисија формирана од Училишната матурска комисија, а оценките се движат на скалило од 1 до 5 и оценките се запишуваат во дипломи за училишна матура.

**Завршен испит:** Завршниот испит е наменета за учениците од средното стручно образование кои нема да полагаат Државна матура. Целта на овој испит е добивање на сертификат за завршено четиригодишно средно стручно образование. Завршниот испит се полага според посебни испитни програми кои се темелат на целите на наставните програми за соодветните наставни предмети.Завршниот испит опфаќа: задолжителен дел, изборен дел и проектна задача. Полагањето се врши според распоред од Училишната матурска комисија за интерните испити и проектната задача.Оценувањето за интерните испити го спроведува предметна комисија формирана од Училишната матурска комисија, а оценките се движат на скалило од 1 до 5 и оценките се запишуваат во дипломи за завршен испит.

**Завршниот испит од тригодишно стручно образование:** е наменета за учениците од средното стручно образование кои завршиле III степен на образование. Целта на овој испит е добивање на сертификат за завршено тригодишно средно стручно образование. Завршниот испит се полага според посебни испитни програми кои се темелат на целите на наставните програми за соодветните наставни предмети.Завршниот испит опфаќа: писмена работа по македонски јазик и литература и изработка на практична работа со одбрана . Полагањето се врши според распоред од Училишната матурска комисија.

**Оценувањето за интерните испити** се врши интерно и го спроведува предметна комисија формирана од Училишната матурска комисија, а оценките се движат на скалило од 1 до 5 и оценките се запишуваат во дипломи за завршен испит.

### 12.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето е формиран тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди. Тимот ќе ја утврди процедурата за поплаки и жалби согласно Правилникот за оценување и унапредување на учениците, ќе прави анализи на состојбата на постигнатите резултати и ќе дава поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати од работењето. Тимот е во состав директор, педагог и психолог.

### 12.3. Самоевалуација на училиштето

На секои две години ќе се реализира самоевалуација, за таа цел ќе се формираат тимови кои со соодветни методи и инструменти ќе собираат и обработуваат податоци со цел да направат анализа во седумте подрачја.

## 13. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

### 13.1. Работа со надарени и талентирани ученици

Факт е дека знаењата и вештините можат да се научат и совладаат, но талентот ученикот го носи во себе, а наставникот треба да го препознае, поттикне и развива. Наставникот во својата работа мора да тргне од ученикот кој го има пред себе, а не од ученикот воопшто. Само така може да успее да го препознае и да го поддржи развојот на талентираниот ученик. Така, успехот би бил двоен: како учител и поттикнувач на индивидуалниот развој на ученикот.

Работата во Училиштето во учебната 2020/21 год. ја насочуваме кон развивање на дух на кооперација и екипирање на надарените и талентирани ученици и тоа преку:

- Индивидуализација во наставата со учениците со особени способности;
- Групна настава за ученици со приближно исти способности;
- Консултативна настава за надарените ученици;
- Проектни активности;
- Слободни ученички активности;
- Организирање летни и зимски школи, натпревари, трибини, конкурси и истражувачки активности;
- Организирање креативни работилници.

## 13.2. Слободни ученички активности

Слободните ученички активности ќе се реализираат паралелно со реализацијата на задолжителните содржинии активности вградени во наставните планови и програми за гимназиско и стручно образование и како:

- научно-истражувачки активности;
- културно-уметнички активности;
- слободни производно-технички активности;
- слободни спортски активности.

### а) Слободни ученички активности со научно-истражувачки карактер

Вистински предизвик за учениците и наставниците претставува откривањето на тајните на природата и новите законитости, па затоа во Училиштето се организираат слободни ученички активности со научно-истражувачки карактер:

☐*Секција „Млади физичари”* - одговорен наставник: Славица Трајковска,
Прилог:Програма

☐*Информатичка секција* – одговорен наставник: Гордана Јордева
Прилог:Програма

☐*Графичка секција* - одговорни наставници: Весна Мундишевска-Велјановска, Снежана Паскова
Прилог:Програма

☐ *Еколошка секција* – одговорни наставници – Весна Христовска, Флорида Кулевска
Прилог:Програма

- ☐*Еко – клуб* – одговорен наставник – Драгица Здравковска
Прилог: Програма

### б) Културно-уметнички слободни активности

Промоција на личните капацитети на учениците, негување на културното и националното богатство и продлабочувања на знаењата и слободно изразување на креативниот дух ќе имаат можности за реализација на:

❖ ***Слободни ученички активности од јазично-уметничко подрачје***

☐ *Литературна секција* - одговорен наставник: Милица Радевска-Димитријовска
Прилог:Програма

☐ *Драмска секција* – одговорен наставник: Весна Јовановска
Прилог:Програма

☐*Рецитаторска секција* – одговорен наставник: Николина Поповска
Прилог:Програма

☐ *Новинарска секција* – одговорен наставник: Марија Младеновска - Димитровска
Прилог:Програма

☐*Библиотекарска секција* – одговорен наставник: Хрисула Кочинска
Прилог:Програма

☐*Секција за странски јазици* - одговорни наставници: Јасмина Василевска, Кики Младенова, Зора Русомарова, Македонка Атанасоска
Прилог:Програма

❖ ***Слободни музички активности***

☐*Хор и пејачка група* – одговорен наставник: Христијан Петковиќ
Прилог:Програма

❖ ***Слободни ликовни активности***

☐*Ликовна секција* – одговорен наставник: Љубица Мешкова – Солак
Прилог:Програма

**в) Слободни производно-технички активности**

☐*Секција за графички дизајн* – одговорен наставник: Миле Атанасоски
Прилог:Програма

☐ *Сообраќајна секција* ***(Училишна сообраќајна единица)*** - одговорен наставник: Гордана Кожуваровска
Прилог:Програма

**г) Слободни спортски активности**

☐*Ракометна секција* - одговорен наставник: Благој Митревски
Прилог:Програма

☐*Атлетска секција* – одговорен наставник: Борко Тромбев
Прилог:Програма

☐ *Секција за мал фудбал и фудбал* – одговорни наставници: Весна Велјановска, Сашо Илиевски
Прилог:Програма

☐*Кошаркарска секција* – одговорен наставник: Кире Јагоридовски
Прилог:Програма

☐*Секција за одбојка* - одговорен наставник: Владимир Трифуновски
Прилог:Програма

**Комисија за следење и анализа на работата на слободните ученички активности:** Добре Босилковски, Даниела Митревска, Мирјана Гичевска.

## 13.3. Екскурзии

Ученичките екскурзии и нивната педагошка функција се незаменливи во остварувањето на одделни цели и задачи на Училиштето.

За програмирање, организација и реализација на екскурзиите со учениците од средното образование, а во тие рамки и во СОУ „Таки Даскало” од страна на МОН и БРО на Република Македонија е изготвено Упатство и Правилник кои во целост ќе се применуват и во текот на 2020/21 година.

Ученичките екскурзии можат да бидат:

- ексурзии поврзани со теми и содржини од наставните програми:
- завршни екскурзии
- стручно-истражувачки екскурзии
- спортско-рекреативни екскурзии

Со екскурзиите ќе раководи стручен тим кој изработува програма за училишните екскурзии за тековната учебна година, а него го сочинуваат директорот на училиштето, раководителот на екскурзијата, класни раководители, стручни соработници и дел од наставниците кои реализираат настава во траење најмалку 1 година во паралелките кои одат на екскурзија.

Прилог:Програма за екскурзии

## ▪ Гимназиско образование

**- Актив по македонски јазик и литература:**

Е-саем на книгата/ е-кошничка, соработка со издавачки куќи и афирмација на нови изданија, ноември, април 2021, професори по македонски јазик

Активности по повод Месецот на книгата, Денот на мајчиниот јазик, соработка со Библиотеката, промоција на реномирани македонски писатели, професори по македонски јазик, 2020/21

Наставно-научна екскурзија – посета на Саем на книгата во Скопје и Институт за македонски јазик Скопје – еднодневна екскурзија, април 2021,

**- Актив по странски јазици:**

**Англиски јазик:** Наставно-научна екскурзија – Разгледување на Природо-научниот музеј во Скопје со водич на англиски јазик; (одговорни наставници: Валентина Богојовска и Наташа Котевска и ученици од билингвалните гимназиски паралелки од I и II година (Број на ученици – околу 30) Второ полугодие 2021 год.
-Разгледување на Археолошкиот музеј во Скопје со водич на англиски јазик; (одговорни наставници: Валентина Богојовска и Наташа Котевска и ученици од билингвалните гимназиски паралелки од I и II година (Број на ученици – околу 30) Второ полугодие 2021 год.

**Германски јазик:** Наставно-научна екскурзија – Посета на Гете Институт Скопје, вклучени 100 ученици, гимназија и од билингвалната паралелка, (одговорни аставници: Македонка Атанасоска и Елена Сотиров и ученици од билингвалната гимназиска паралелка од I година и од угостителско туристичката струка, Второ полугодие 2021 год.

**- Актив по математика:**

- Наставно-научна екскурзија – Посета на Природно-математичкиот музеј, Саем на книга и Планетариум во Скопје, мај 2021, ученици од I и II година (одговорни наставници – Валентина Ацевска и Анета Димовска)

**-Актив по физика, информатика, електротехника и електроника, сметачи и програмирање**

**-** Научни екскурзии – посета на соларна централа во Брод, Демир Хисар и Биоцентрала во Логоварди, (одговорни наставници Татјана Црнец и ученици) во текот на учебната година)

**-Општообразовен актив:**

**Историја:** Наставно-научна екскурзија – Посета на античкиот локалитет Стоби, вклучени 100 ученици, октомври-ноември 2020 (одговорни наставници – Трајче Катароски, Роберт Трајковски, Кире Јагоридовски)

**Историја:** Наставно-научна екскурзија – Посета на Смилево, Музејот на Смилевскиот конгрес, вклучени 100 ученици, мај 2021, (одговорни наставници – Трајче Катароски, Роберт Трајковски, Кире Јагоридовски)

**Социологија и граѓанско образование:** Наставно-научна екскурзија – посета на Музејот на криминалистиката во Скопје, вклучени 50 ученици, април 2021 (одговорен наставник Рамо Кораќ).

**Физолофија и етика:** Наставно-научна екскурзија – Посета на Филозофскиот факултет во Скопје, вклучени 50 ученици, април - мај 2021, (одговорни наставници – Евгенија Маневска и Весна М.Трајковска).

**Бизнис и претпиемништво:** Посета на Народна банка и Македонската берза во Скопје – мај 2021 (одговорни наставници Игор Дранговски и Виолета Недановска)

**-Актив по хемија, биологија, географија**

- Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на Метеоролошка станица во Битола октомври 2020, наставник по географија и ученици
- Екскурзија во Прилеп, посета на Тутунски комбинат – наставник по хемија и ученици, ноември 2020
- Посета на Природно-научниот музеј во Скопје – наставници по географија и биологија и ученици, ноември 2020
- Посета на рибникот Бабино, наставник по биологија и ученици, април 2021
- Посета на музејот на холокаустот Скопје, професор по географија и ученици, мај 2020

☐За *гимназиски паралелки*: одговорен наставник: **Владо Јоновски**

Прилог:Програма

## ▪ Стручно образование

### ▪ Угостителско-туристичка струка

- Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на вила “Дихово“, запознавање со рурален туризам, вклучени ученици од угостителско-туристичка струка, ноември 2020;
- Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на рибен ресторан “Кермес“ во Прилеп, вклучени ученици од IV година, декември 2020;

☐ За *угостителско-туристичка струка*: одговорен наставник: **Никола Ѓелевски**

Прилог:Програма

### ▪ Графичка струка

-Наставно-научна екскурзија – посета на Печатницата “Европа 92“, Кочани,

октомври, 2020;

-Наставно-научна екскурзија – посета на Саемот на книгата во Скопје и приватни графички претпријатија, април 2021;

-Наставно-научна екскурзија – посета на печатници и работилница за рачна изработка на хартија во Охрид, мај 2021;

☐За *графичка струка*: одговорен наставник: **Миле Атанасоски**

Прилог:Програма

- **Сообраќајна струка**

-Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на Меѓународниот аеродром Скопје, октомври 2020;

-Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на Царински терминал во Скопје, ноември 2020;

-Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на Меѓународниот аеродром Македонија и Пристаништето во Солун, март 2021;

-Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на Меѓународниот аеродром “Св. Апостол Павле“, Охрид, април 2021.

☐За *сообраќајна струка*: одговорен наставник: **Драгица Здравковска**

Прилог:Програма

- **Текстилна струка**

- Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на Скопје, на културно – историските знаменитости, вклучени 25 ученици од II, III и IV година септември-октомври 2020; (одговорни наставници Драган Николовски, Анита Стефановска и Живка Ицаноска);

- Наставно-научна екскурзија – еднодневна посета на Охрид, на културно – историските знаменитости, вклучени 25 ученици од II, III и IV година април-мај 2021; (одговорни наставници Драган Николовски, Анита Стефановска и Живка Ицаноска);

☐За *текстилна струка*: одговорен наставник: **Драган Николовски**

Прилог:Програма

- **Рударска струка**

**-**Наставно-научна екскурзија – Посета на Природно-научниот музеј, Скопје, вклучени ученици од I година, ноември 2020;

-Наставно-научна екскурзија – Посета на Рудници Злетово, Пробиштип, вклучени ученици од III и IV година, ноември 2020;

-Наставно-научна екскурзија – Посета на Рудник “Саса“, Македонска Каменица, вклучени ученици од III и IV година, март 2021;

-Наставно-научна екскурзија – Посета на Рудник “Сивец“, Прилеп, вклучени ученици од I до IV година, април 2021;

-Наставно-научна екскурзија – Посета на Пелистер, вклучени ученици од III

година, мај 2021;

☐За *рударска струка*: одговорен наставник: **Љупчо Поповски**

<u>Прилог:</u>Програма

- **Градежно-геодетска струка**

-Наставно-научна екскурзија – посета на Саем на градежништво во Скопје, 60 ученици од I до IV година, октомври 2020;

-Наставно-научна екскурзија – посета на рудник за гипс “Кнауф“, Дебар, 60 ученици од I до IV година, март-април 2021;

-Наставно-научна екскурзија – посета на Охрид, старото градско јадро, станбена и верска архитектура, 60 ученици од I до IV година, април-мај 2021.

☐За *градежно – геодетска струка*: одговорен наставник: **Петар Ѓоргиевски**

<u>Прилог:</u>Програма

- **Спорт и спортски активности**

-Спортско-рекреативна-екскурзија, посета на Олимпискиот базен во Скопје, октомври 2020;

-Спортско-рекреативна-екскурзија, планинарење, посета на Смолево, ноември 2020;

-Спортско-рекреативна-екскурзија, екскурзија од областа на екологијата, март 2021;

-Спортско-рекреативна-екскурзија, велосипедизам, април 2020;

-Спортско-рекреативна-екскурзија, планинарење, посета на Копанки, мај 2021;

☐За *спорт и спортски активности*: одговорен наставник: **Борко Тромбев**

<u>Прилог:</u>Програма

Во текот на месеците април-мај 2021 година ќе се реализира завршна екскурзија за учениците од трета година во странска држава, согласно Правилникот за начинот на реализирање на училишни екскурзии.

Координатор за реализација на активностите поврзани со екскурзиите: помошник-директор **Добре Босилковски.**

- **Планираните екскурзии ќе се реализираат доколку тоа го дозволуваат условите со пандемијата со ковид-19 вирусот и епидемиолошката состојба во државата.**

## 14. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

Низ практиката, секојдневно учениците ги реализираат своите физички, психички и социјални потенцијали, така што учениците во наставата не стекнуват само знаење, туку и се изградуваат како личности, а патот дотаму води преку применливоста на знаењето во практиката. Можноста за општествено-корисна работа во Училиштето придонесува за целокупниот развој на личноста на ученикот преку следните подрачја на дејствување:

### 14.1. Постигнувањата на учениците

Во текот на учебната 2020/21 година континуирано ќе се следи успехот на учениците по сите наставни предмети, по класификациони периоди. Наставниците преку презентација на извештаите за постигањата на учениците ќе бидат запознати на Наставнички совет, а родителите на родителски средби и преку индивидуални средби, состаноците на одборите и советот на родителите.

Предлозите за подобрување на постигањата на учениците ќе бидат дадени од стручните активи и стручната служба. Одговорни за следење на постигањата на учениците е тимот на стручни соработници.

### 14.2. Превентивни програми

- Програма за превенција од насилство
  Одговорни наставници: Марија Младеновска-Димитровска и Наташа Ралевска-Вучкова.

- Програма за безбедни училишта
  Одговорни наставници: Зоран Ристевски

- Програма за мултикултурна соработка
  Одговорен наставник: Евгенија Маневска и Рамо Кораќ

- Програма за грижа и унапредување на здравјето на учениците.
  Одговорен наставник: Славица Наумовска и Флорида Кулевска

- Програма за почитување на правата на децата
  Одговорен наставник: Марија Младеновска-Димитровска

- Програма за работа со деца со посебни потреби
  Одговорни наставници: Марија Младеновска-Димитровска и Славица Наумовска

- Програма за работа на Училишниот инклузивен тим
  Одговорен наставник и координатор на УИТ: Марија Младеновска-Димитровска

- Програма за препознавање и спречување на говорот на омраза
  Одговорни наставници: Марија Младеновска-Димитровска и Славица Наумовска

- Програма за спречување на врсничко насилство, булинг и сајбер булинг
  Одговорни наставници: Марија Младеновска-Димитровска и Славица Наумовска

- Програма за грижа за учениците со телесни пречки
  Одговорен наставник: Марија Младеновска-Димитровска

### 14.3. Заштита и унапредување на човековата животна средина

Заштитата и унапредувањето на човековата животна средина ќе се реализира преку:

- Уредување и одржување на училишните објекти и училишниот двор;
- заеднички акции со институции, НВО и други субјекти со кои соработува Училиштето;
- заеднички акции со локалната заедница
- учество во еколошки проекти

### 14.4. Акции на солидарност

- помош на стари и изнемоштени лица;
- акции во елементарни непогоди;
- акции во крводарителство;
- формирање фонд за солидарност.

Одговорен наставник: Мирјана Гичевска

Прилог: Програма за работа на клуб на ученици за Црвен крст.

### 14.5. Собирни акции

- Прибирање на културно благо;
- Прибирање на стара облека,обувки и учебници;

Одговорен наставник: Евгенија Наумовска- Маневска

Прилог: Програма

### 14.6. Волонтерски клуб „Тереза Фердинанди Литовска“:

- волонтерски акции

Одговорни наставници: Мирјана Гичевска, Катерина Спасовска- Маурдева
Прилог: Програма

## 15. СОРАБОТКА СО ДРУГИ УЧИЛИШТА, СТРУЧНИ ИНСТИТУЦИИ, МОН, БРО И ЦЕНТАРОТ ЗА СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Училиштето реализира интензивна соработката со МОН, Бирото за развој на образованието, Центарот за средно стручно образование, средните училишта од градот и државата, со културни установи и институции, медиуми, спортски и еколошки друштва, Организација на Црвен крст и други.

Посебно внимание Училиштето им посветува на содржините и активностите:

- По повод државноста на Република Северна Македонија;
- Светскиот ден на учителите и наставниците;
- Учество на натпревари (атлетика, ракомет, мал фудбал, кошарка, пинг-понг, одбојка, литературни читања, драмски настапи и натпревари во знаења по различни наставни предмети) на општинско и републичко ниво;
- Промоции на поетски збирки и книги (од ученици и наставници);
- Изложби на ликовни и графички творби;
- Промовирање на Училиштето преку електронските и печатените медиуми;
- Активности во чест на 4 Ноември
- По повод Нова година (програма за децата на вработените);
- Во чест на 8 Март, Денот на жената;
- По повод Денот на дрвото
- По повод 21 март, Денот на екологијата;
- Денот на здравјето 7 Април
- Денот на Европа 9 Мај
- Активности по повод патрониот празник на Училиштето – 3 Мај
- Во чест на св. Кирил и Методиј - првите словенски просветители
- Литературни читања, спортски натпревари, изложби и сл.
- Одбележување на разни јубилеи итн.

## 16. ЗДРАВСТВЕНА ЕДУКАЦИЈА И ПРЕВЕНЦИЈА

Брзото темпо на живеење, се повеќето предизвици со кои се судираат учениците во секојдневниот живот придонесоа за се поризично однесување на учениците и носење на одлуки штетни за нивното здравје. Затоа една од примарните цели на нашето училиште претставува промовирање на здрав стил на живеење и јакнење на индивидуалната, семејната и општествената одговорност за здравјето. Поставената цел ќе се реализира во соработка со локалната средина: Клиничка болница „Др.Трифун Пановски” - Битола, Завод за здравствена заштита Битола, Општинска организација на Црвениот крст - Битола, Завод за ментално здравје на деца и млади, приватни здравствени ординации, невладини организации кои вклучуваат активности од едукативен карактер од областа на здравството и сите волонтери, родители и поединци кои можат да дадат значителен придонес.

Во рамките на активностите за грижа за здравјето на учениците активно ќе се работи на:

- грижа за физичкото и менталното здравје (работилници за техники на учењето, проблемите во пубертетот, депресија, едукација за сексуално преносливи болести, дијабетес, говор на омраза, предрасуди, стереотип итн.)
- грижа за социјално здравје (работилници за комуникација на релација: наставник – ученик – родител - средина, посредување при конфликти, семејството и воспитната запуштеност на децата).

Покрај предвидените содржини во програмата за заштита и унапредување на здравјето на учениците, Училиштето организира:

- Задолжителни лекарски прегледи со учениците од I и IV год.;
- Вакцинации и ревакцинации;
- предавања, трибини, работилници , презентации.

Грижата за здравјето на учениците е составен дел и на наставните планови и програми во рамките на програмата за здраво живеење. Организацијата за здраво живеење дава можност за задоволување на индивидуалните интереси, потреби на учениците и можност за научно истражувачка работа на учениците низ соработка со родителите, локалната средина и интернет извори.

Во организацијата за грижа за здравјето на учениците опфатени се следните области и теми:

- унапредување на здравјето
- истражување на животната средина
- подобрување на вклучувањето на лицата со посебни потреби; За сите области заеднички теми се:
- компетентност за акција (знаење, посветеност, визија)
- СИВАП-методологија (фази на селекција, истражување, визија,

акција,промена)

Одговорни наставници: В. Христовска, М. Гичевска, и класни раководители
Прилог: Програма

## 17. УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Училиштето води грижа за климата во училиштето и за односите меѓу учениците, наставниците и родителите. Училиштето се грижи за дисциплината во училиштето и во училишниот двор. Има изготвено кодекс на однесување на ученици, наставници и други вработени во училиштето.

Училиштето формира тим за безбедно училиште

Прилог: Програма за безбедни училишта

Училиштето негува односи на меѓусебно почитување на сите вклучени во воспитно-образовниот процес, води грижа за почитување на различностите, ги вклучува сите ученици во реализација на воннаставни активности. Има тим и одговорни наставници за мултикултурализам и за реализација на активности за проектот меѓуетничка интеграција во образованието

Прилог: Програма за мултикутурализам
Прилог: Програма за меѓуетничка интеграција во училиштето

## 18. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Училиштето и во учебната 2020/21 година планира и ќе реализира различни видови обуки за професионално усовршување на наставниот кадар, ќе организира работилници, семинари, наставници ќе учествуваат на меѓународни научни и стручни конференции, ќе објавуваат стручни и научни трудови и статии во списанија, и промоција на училиштето во пошироката средина. Училиштето води грижа за кариерниот развој на учениците низ процес на кариерно советување преку работата на Центарот за кариеренразвој на учениците.

Прилог: Програма за кариерен развој
Одговорни наставници: Мирјана Гичевска, Валентина Маневска, Александар Трајковски.

## 19. ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Родителите се вклучени во сите активности на училиштето преку родителски, групни и индивидуални средби, преку Советот на родители, Одбор на родители, преку учество во Училишниот одбор на училиштето, вклучени се во сите проекти кои се реализираат во училиштето и во донесување на одлуките. Наставниците и класните раководители редовно одржуваат контакти со родителите, имаат план за приемни денови на родители, а стручната служба реализира советодавни средби со родителите. Родителите се запознати со сите воннастани активности кои се реализираат, екскурзии, натпревари, учествуваат во приредби кои се реализираат во училиштето итн. Психолошко-педагошката служба организира работилници, трибини со родителите преку кои се врши едукација и советодавно-консултативна работа.

Прилог: Програма за советување на родители
Програма за советување на ученици

## 20. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Училиштето редовно соработува со локалната заедница, преку вклученост во сите активности кои се реализираат во локалната заедница: учествува во реализација на проекти, трибини, собири, еко-акции, посета на инстиутции, се врши промоција на постигнатите резултати во локалните пишани и електронски медиуми. Училиштето соработува со МОН, Општината Битола, БРО, ЦССО, ДПИ, детски градинки, ЦЈЗ, ЦСО, ЦСР, невладини организации, Центар за култура, Завод и музеј, НУУБ, Универзитет Кл.Охридски и приватни високообразовни установи, приватни компании, бизнис заедницата. Соработката се одвива преку вклученост во реализација на заеднички проекти, преку изведување на практична настава на наши ученици во компаниите итн.

Училиштето соработува со локалните печатени и електронски медиуми, кои редовно се информираат за сите настани и постигања на учениците и наставниот кадар.

Прилог: Програма за соработка со локалната заедница и промоција на училиштето
Тим за промоција на училиштето
Одговорен наставник: **Марија Младеновска-Димитровска**

**РЕЗИМЕ**

Како приоритет во учебната 2020/21 година се поставува обезбедување на безбедна работна средина за учениците и наставниот кадар поврзано со пандемијата со вирусот ковид-19, согласно сите протоколи и насоки од МОН, Министерството за здравство и Комисијата за заразни болести. Училиштето за таа вложува маскимални напори безбедноста и хигиенско-техничките можности да ги подигне на највисоко можно ниво и ги вложува сите сили и средства за непречено одвивање на наставниот процес, согласно протоколите и насоките од МОН. Училиштето е подготвено и за реорганизација на наставниот процес и организирање на настава на далечина или комбиниран модел на настава и со физичко присуство и онлајн настава доколку дојде до измени во епидемиолошката состојба во нашата држава и ќе постапи согласно сите препораки и протоколи.

Успехот во работата се оценува врз основа на постигнатите резултати, така и реализацијата на програмата на СОУ „Таки Даскало“ Битола би бил успех за сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес во учебната 2020/2021 година. Поставувањето на јасни вредносни критериуми за стекнување, оценување и примена на знаењето и вештините, претставува основна определба во мисијата на нашето училиште.

Согласно со условите во општина Битола, државата, регионот и Европа тежнееме кон модернизација на воспитно-образовниот систем и примена на стандардите кои ги налагаат евро-интегративните процеси.

Годишната програма претставува база за развој на СОУ „Таки Даскало“ Битола во регионален центар за обука и развој кој се темели на вредностите на македонското општество, ги унапредува и ги негува националните, културолошките и хуманистичките вредности, кои пак го развиваат чувството за заедништво, прифаќање и очитување на различностите, солидарноста, одговорноста за одржливиот развој, а преку тоа поттик и засилување на цивилниот сектор и развивање на демократското општество во целина.

Низ процес на координирано преземање на одговорност за прифаќање на промените и развојот на образовниот систем, носителите на воспитно-образовниот процес во училиштето со поддршка на локалната заедница ќе придонесат за унапредување економскиот и социјалниот развојот во државата.

**Битола** | **Директор**
**СОУ„Таки Даскало“**

**Август, 2020** | **Владо Ѓорѓиевски**